ПАТРИМОНИУМ.МК
Списание за културното наследство
- споменици, реставрација, музеи -
Година 15, број 20 / 2022

PATRIMONIUM.MK
Periodical for Cultural Heritage
- Monuments, Restoration, Museums -
Year 15, N° 20 / 2022



*Уредник*
Дарко Николовски

*Editor*
Darko Nikolovski

*Редакциски одбор:*
Иван К. Заров
Марула Николовска
Мирјана М. Машниќ
Роберт Петковски
Елизабета  Касапова

*Editorial board:*
Ivan K. Zarov
Marula Nikolovska
Mirjana M. Mašnić
Robert Petkovski
Elizabeta Kasapova

*International Editorial board:*
Smiljka Gabelić (Belgrade)
Ioannis Sisiou (Kastoria)
Ivanka Gergova (Sofia)
Marina-Ileana Sabados (Bucharest)
Mihail Butirski (Moscow)
Jancarkova Julie (Prague)



Издавањето на ова списание го помогна

The publishing was supported by

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

# ПАТРИМОНИУМ.МК

Списание за културното наследство
- споменици, реставрација, музеи -

Година 15, број 20 / 2022

# PATRIMONIUM.MK

Periodical for Cultural Heritage
- Monuments, Restoration, Museums -

Year 15, N° 20 / 2022

КАЛАМУС CALAMUS

Скопје 2022 Skopje 2022

**СОДРЖИНА** **CONTENTS**


*Гоце НАУМОВ, Јасмина ГУЛЕВСКА, Марчин ПШИБИЛА, Александар МИТКОСКИ, Христијан ТАЛЕВСКИ, Кристина ПЕНЕЗИЌ, Хуан ГИБАХА, Амалиа САБАНОВ, Феран АНТОЛИН, Раул СОТЕРАС, Еда АНДОНИ и Анета ФИДАНОСКА*
НОВИ СОЗНАНИЈА ЗА ПОЧЕТОКОТ НА НЕОЛИТОТ ВО МАКЕДОНИЈА: РЕЗУЛТАТИ ОД МУЛТИДИСЦИПЛИНАРНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО 2022 ГОДИНА НА АРХЕОЛОШКИОТ ЛОКАЛИТЕТ ВЛАХО КАЈ ЖИВОЈНО (ПЕЛАГОНИЈА)
**[11]**

*Goce NAUMOV, Jasmina GULEVSKA, Marcin PRZYBYŁA, Aleksandar MITKOSKI, Hristijan TALEVSKI, Kristina PENEZIĆ, Juan GIBAJA, Amalia SABANOV, Ferran ANTOLÍN, Raul SOTËRAS, Eda ANDONI and Aneta FIDANOSKA*
NEW OBSERVATIONS ON THE BEGINNING OF THE NEOLITHIC IN MACEDONIA: RESULTS FROM THE MULTIDISCIPLINARY RESEARCH IN 2022 OF THE ARCHAEOLOGICAL SITE VLAHO AT ŽIVOJNO (PELAGONIA)
**[34]**

*Гоце НАУМОВ и Јасмина ГУЛЕВСКА*
АРХЕОЛОШКИ ЛОКАЛИТЕТ ПРЕКОП КАЈ АСАМАТИ: ПРЕДИСТОРИСКА НАСЕЛБА НА БРЕГОТ НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО
**[35]**

*Goce NAUMOV and Jasmina GULEVSKA*
ARCHAEOLOGICAL SITE OF VLAHO AT ASAMATI: PREHISTORIC SETTLEMENT ON THE LAKE PRESPA COAST
**[48]**

*Игор ТОЛЕВСКИ*
КАРАКТЕРИСТИЧНА НЕОЛИТСКА ЛОКАЛНА ФОРМА НА КЕРАМИЧКИ САДОВИ
**[49]**

Igor TOLEVSKI
CHARACTESTIC NEOLITHIC LOCAL FORMS FOR POTTERY VESSELS
**[68]**

*Јане КЛЕКОВСКИ*
ПРВИЧНИ СОЗНАНИЈА ОД ЗАШТИТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА НЕКРОПОЛАТА ОД РИМСКО И СРЕДНОВЕКОВНО ВРЕМЕ НА ЛОК. „ГРОБИШТА“, С. РАЕЦ, КАВАДАРЦИ
**[69]**

*Yane KLEKOVSKI*
FIRST KNOWLAGE FROM THE PROTECTION RESEARCH ON THE NECROPOLIS FROM ROMAN AND MIDDLE AGES ON THE SITE “GROBIŠTA”, VILLAGE RAEC NEAR KAVADARCI
**[80]**

*Викторија СОКОЛОВСКА*
ПРИЛОЗИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА ПАЈОНИЈА И АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА ПРЕДЛОЗИ И ПОТВРДИ EPILOG
**[81]**

*Viktorija SOKOLOVSKA*
CONTRIBUTIONS TO THE HISTORY OF PAEONIA AND ANCIENT MACEDONIA PROPOSITIONS AND CONCLUSIONS
**[104]**

*Игор ЕФТИМОВСКИ*
ОПШТ ОСВРТ ВРЗ СОЦИО-ЕКОНОМСКИТЕ ОДНОСИ ВО ОХРИДСКО-ПРЕСПАНСКО-МАЛИЧКИОТ РЕГИОН ВО I МИЛЕНИУМ П.Н.Е. СОГЛЕДАНИ ПРЕКУ ПОГРЕБНИТЕ ФОРМИ
**[105]**

*Igor EFTIMOVSKI*
GENERAL OVERVIEW OF THE SOCIO-ECONOMIC RELATIONS IN THE OHRID-PRESPA-MALIQ REGION DURING THE 1ST MILLENNIUM BCE OBSERVED THROUGH THE FUNERARY FORMS
**[128]**

*Владимир МИЛАНОВСКИ*
СЕВЕРОЗАПАДНА ПЕЛАГОНИЈА И ПРОСТОРОТ НА МАНАСТИРОТ СВЕТО ПРЕОБРАЖЕНИЕ - ЗРЗЕ ВО РАНАТА АНТИКА
**[129]**

*Vladimir MILANOVSKI*
EARLY ANTIQUITY IN THE ZRZE MONASTERY - HOLY TRANSFIGURATION ANOTHER UNKNOWN ANCIENT UPPER MACEDONIAN SETTLEMENT
**[138]**

*Роберт ПЕТКОВСКИ, Костадинка ФИЛИПОВА*
КРАТОК ПРЕГЛЕД ОД АРХЕОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА ВО 2017 И 2020 ГОДИНА НА ЛОКАЛИТЕТОТ ГРАДОТ, СЕЛО ГОРНИ ДИСАН, НЕГОТИНО
**[139]**

*Robert PETKOVSKI, Kostadinka FILIPOVA*
BRIEF REVIEW OF THE ARCHAEOLOGICAL EXCAVATIONS FROM 2017 AND 2020 AT THE SITE GRADOT (THE TOWN), VILLAGE OF GORNI DISAN, NEGOTINO
[**146**]

*Перо СИНАДИНОВСКИ*
НАСЕЛБИТЕ И НАСЕЛБИНСКИОТ СИСТЕМ ВО МАКЕДОНИЈА
**[147]**

*Pero SINADINOVSKI*
SETTLEMENTS AND SETTLEMENT SYSTEMS ON THE TERRITORY OF MACEDONIA
[**164**]

*Стевче ТОДОРОВСКИ*
СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ
**[165]**

*Stevče TODOROVSKI*
STUDY FOR A CASE
[**176**]

*Драган ЃАЛЕВСКИ*
ВИЗАНТИСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО ДЕЛАТА „ОГЛЕДАЛО ЗА ВЛАДЕТЕЛИТЕ“ (СРЕДИНА НА IX ПОЧЕТОК НА XI ВЕК)
**[177]**

*Dragan ĐALEVSKI*
BYZANTINE DIPLOMACY IN THE WORKS “MIRROR FOR PRINCES” (MIDDLE OF IX BEGINNING OF XI CENTURY)
**[184]**

*Калина АТАНАСОВА*
СВЕТОСЛАВОВИЯ ИЗБОРНИК ОТ 1073 Г. КАТО ИЗВОР НА ИНФОРМАЦИЯ ЗА РАННОСРЕДНОВЕКОВНИЯ БЪЛГАРСКИ СВЕТСКИ КОСТЮМ
**[185]**

*Kalina ATANASOVA*
SVETOSLAV’S FLORILEGIUM OF 1073 AS A SOURCE OF INFORMATION ABOUT EARLY-MEDIEVAL BULGARIAN SECULAR COSTUME
**[198]**

*Јована САВЕВСКА*
НЕКОЛКУ ПРИМЕРИ НА ЛИКОВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА СРЕДНОВЕКОВНИ ОБЕТКИ, НАУШНИЦИ ВО ФРЕСКОЖИВОПИСИТЕ ОД XII-XIV ВЕК
**[199]**

Jovana SAVEVSKA
SEVERAL EXAMPLES OF ARTISTIC INTERPETATION OF MEDIEVAL EARRING, BAND- EARRINGS ON THE FRESCO PAINTINGS FROM THE 12TH TO THE 14TH CENTURIES
**[206]**

*Александар ГУЛЕВСКИ*
МИХАИЛ ГЛИКА, НЕОФИТ ЗАТВОРНИК И СИГНАТУРАТА О МЕΛΗСМОС ВО ЦРКВАТА СВ. НИКОЛА ВО МАНАСТИР
**[207]**

*Aleksandar GULEVSKI*
MICHAE GLYKAS, NEOPHYTE THE RECLUSE AND THE SIGNATURE О МЕΛΗСМОС IN CHURCH ST. NICOLAS AT MANASTIR
[**218**]

*Анђела ГАВРИЛОВИЋ*
КУЛТ И ИКОНОГРАФИЈА СВЕТОГ ГРИГОРИЈА НИСКОГ У СРПСКИМ ЗЕМЉАМА 1459 –1800
**[219]**

*Anđela GAVRILOVIĆ*
CULT AND ICONOGRPHY OF SAINT GREGORY OF NYSSA IN SERBIAN LANDS 1459–1800
[**232**]

*Elizabeta DIMITROVA*
“BEAUTY AND NO BEAST”
Social and Cultural Perspectives of Beauty in Byzantine Painting
**[233]**

*Елизабета ДИМИТРОВА*
“УБАВИЦАТА БЕЗ ЅВЕРОТ”
Социјални и културни аспекти на убавината во византиското сликарство
[**246**]

*Јасна ГРУЈОСКА-КУНЕСКА, Вероника ШЕНДОВА, Билјана ПЕЈОВА*
ОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА НА ЦРКВАТА СВ. НИКИТА, БАЊАНИ СО ПРИМЕНА НА НЕ-ДЕСТРУКТИВНИ МЕТОДИ
**[247]**

*Jasna GRUJOSKA-KUNESKA, Veronika ŠENDOVA, Biljana PEJOVA*
ASSESSMENT OF THE STATE OF ST. NIKITA CHURCH, BANJANI USING NON-DESTRUCTIVE TECHNIQUES
[**260**]

*Дарко НИКОЛОВСКИ*
ПРИЛОГ КОН САКРАЛНОТО НАСЛЕДСТВО ОД ПОСТВИЗАНТИСКИОТ ПЕРИОД ВО ОПШТИНА ГРАДСКО
**[261]**

*Darko NIKOLOVSKI*
CONTRIBUTION TOWARD THE SACRAL HERITAGE FROM THE POST BYZANTINE PERIOD IN THE MUNICIPLITY OF GRADSKO
**[278]**

*Konstantinos M. VAPHEIADES*
ICONS OF THE ATHONITE MONK METROPHANES OF CHIOS (2ND HALF OF 18TH CENT.) AT THE MONASTERY OF KORBOVO
**[279]**

*Κωνσταντίνος Μ. ΒΑΦΕΙΑΔΗΣ*
ΕΙΚΟΝΕΣ ΤΟΥ ΑΘΩΝΙΤΗ ΜΟΝΑΧΟΥ ΜΗΤΡΟΦΑΝΗ ΤΟΥ ΧΙΟΥ (Β΄ ΜΙΣΟ 18ΟΥ ΑΙ.) ΣΤΗ ΜΟΝΗ ΚΟΡΜΠΟΒΟΥ
**[290]**

*Славчо КОВИЛОСКИ*
ЦРКВАТА СВЕТИ ЃОРЃИ ВО СЕЛО НОВОСЕЛАНИ, ПРИЛЕПСКО
**[291]**

*Slavcho KOVILOSKI*
THE CHURCH OF ST. GEORGE IN THE VILLAGE OF NOVOSELANI, PRILEP
**[298]**

*Јулијана МАРКОВИЋ*
ДЕЛАТНОСТ ВЕЛЕШКИХ ЗОГРАФСКИХ РАДИОНИЦА НА ПРОСТОРУ НИШКЕ ЕПАРХИЈЕ У ПРВОЈ ПОЛОВИНИ XIX ВЕКА
**[299]**

*Julijana MARKOVIĆ*
THE ACTIVITY OF THE ZOGRAPHIC WORKSHOPS FROM VELES IN THE DIOCESE OF NIŠ IN THE FIRST HALF OF THE XIX CENTURY
**[310]**

*Снешка ЛАКАЛИСКА*
ИКОНИ ОД ЗОГРАФОТ НИКОЛА МИХАЈЛОВ НА ИКОНОСТАСОТ ВО ЦРКВАТА ПРОРОК СВ. ИЛИЈА С.МИТРАШИНЦИ, БЕРОВСКО
**[311]**

*Sneška LAKALISKA*
ICONS FROM THE PAINTER NIKOLA MIHAJLOV ON THE ICONSTASIS OF THE CHURCH OF THE PROPHET ST. ELIJAH IN THE VILLAGE MITRAŠANCI, NEAR BEROVO
**[320]**

*A. J. POPOVSKA, L. B. ILJOVSKI, L. N. KEKENOVSKA*
WOOD CARVING, ICON PAINTING, AND METAL ADORNMENTS IN THE CHURCH ST.SAVIOR [SV. SPAS] IN SKOPJE AS A UNITED CONSERVATION COMMISSION
**[321]**

*А.ПОПОВСКА. Љ.ИЉОСКИ, Л.КЕКЕНОВСКА*
ДРВЕНАТА РЕЗБА, ИКОНОПИСАНИТЕ ТВОРБИ И МЕТАЛНИТЕ УКРАСИ ВО ЦРКВАТА СВ.СПАС ВО СКОПЈЕ КАКО ОБЕДИНЕТА КОНЗЕРВАТОРСКА ЗАЛОЖБА
**[342]**

*Екатерина НАМИЧЕВА ТОДОРОВСКА, Петар НАМИЧЕВ*
ТРАДИЦИОНАЛНОТО ЖИВЕАЛИШТЕ ВО ЛЕСНОВО, ЗЛЕТОВО
**[343]**

*Ekaterina NAMIČEVA TODOROVSKA, Petar NAMIČEV*
THE TRADITIONAL DWELINGS AT LESNOVO, ZLETOVO
**[364]**

*Небојша С. ГАЏИЋ*
ТРАКТАТ О РУРАЛНОЈ АРХИТЕКТУРИ ВЕЛИКЕ ХОЧЕ
**[365]**

Nebojša S. GADŽIĆ
TRACTARE ON THE RURAL ARCHITECTURE OF THE GREAT HOČA
**[374]**

*Зоран ГЕОРГИЕВ*
„ГЕОГЛИФОТ“ КАНДА (ШАРКОВ РИД) НИЗ ПРИЗМА НА МАТЕРИЈАЛНИТЕ НАОДИ И ИСТОРИСКИТЕ НАСТАНИ
**[375]**

*Zoran GEORGIEV*
THE „KANDA GEOGLYPH” IN OVCHE POLE THROUGH A PRISM OF THE MATERIAL FINDINGS AND HISTORICAL EVENTS
**[392]**

*Јовица Гроздановски*
A Lexicon of Greek Personal Names. Volume V.C: Inland Asia Minor.
Edited by J.-S. Balzat, R. W. V. Catling, É. Chiricat, and T. Corsten.
Oxford: Oxford University Press, 2018.
**[393]** **[396]**

*Јовица Грoздановски*

Αρχείο Αλή Πασά Συλλογής Χώτζη Γενναδείου Βιβλιοθήκης της Αμερικανικής Σχολής Αθηνών. Τόμοι Α’ (1747-1808), Β’ (1809-1817), Γ’ (1818-1821). Έκδοση-Σχολιασμός-Ευρετήρια: Βασίλης Παναγιωτόπουλος, με τη συνεργασία των: Δημήτρη Δημητρόπουλου και Παναγιώτη Μιχαηλάρη. Αθήνα: Εθνικό Ίδρυμα Ερευνών – Ινστιτούτο Νεοελληνικών Ερευνών, 2007.

Αρχείο Αλή Πασά Συλλογής Χώτζη Γενναδείου Βιβλιοθήκης της Αμερικανικής Σχολής Αθηνών. Τόμος Δ’ (Εισαγωγή-Ευρετήρια-Γλωσσάρι). Έκδοση-Σχολιασμός-Ευρετήρια: Βασίλης Παναγιωτόπουλος, με τη συνεργασία των: Δημήτρη Δημητρόπουλου και Παναγιώτη Μιχαηλάρη. Αθήνα: Εθνικό Ίδρυμα Ερευνών – Ινστιτούτο Νεοελληνικών Ερευνών, 2009.

Αρχείο Αλή Πασά Συλλογής Ι. Χώτζη Γενικών Αρχείων του Κράτους και Μουσείου Μπενάκη. Τόμος Ε΄ (1792-1820). Έκδοση-Σχολιασμός-Ευρετήρια: Βασίλης Παναγιωτόπουλος, με τη συνεργασία των: Δημήτρη Δημητρόπουλου, Παναγιώτη Μιχαηλάρη. Αθήνα: Εθνικό Ίδρυμα Ερευνών – Ινστιτούτο Ιστορικών Ερευνών, 2018.

**[397] [400]**

*Јовица Грoздановски*

Corpus des inscriptions grecques d’Illyrie méridionale et d’Épire 4
(sous la direction de Pierre Cabanes).
Inscriptions de la Molossie (par Pierre Cabanes, avec le concours de Miltiade Hatzopoulos).
Études Épigraphiques 2. École française d’Athènes, 2020.

**[401] [408]**

*Јовица Грoздановски*

Xhufi, Pëllumb. Árbërit e Jonit. Vlora, Delvina e Janina në shekujt XV-XVII.
Botim i dytë, i plotësuar. Tiranë: Onufri, 2017.

**[409] [416]**

*Јовица Грoздановски*

Ransmayr, Anna. Untertanen des Sultans oder des Kaisers. Struktur und Organisationsformen der beiden Wiener griechischen Gemeinden von den Anfängen im 18. Jahrhundert bis 1918. Wien: V&R unipress GmbH, 2018..

**[417] [422]**



*Овој број на списанието*
*P A T R I M O N I U M. MK*
*Во чест на*
***ЛИДИЈА КУМБАРАЏИ БОГОЕВИЌ***
(1929-2022)

Лидија Кумбараџи Богоевиќ (1929-2022)

IN MEMORIAM

Со Лидија Кумбараџи Богоевиќ, историчар на уметноста, посебно посветена на уметноста од времето на Османлиското владеење, ме врзуваат многу спомени од самиот почеток на мојот професионален пат во кој таа и нејзиниот сопруг Драгољуб Богоевиќ, исто така историчар на уметност, ми даваа силна подршка. Покрај во меѓувреме воспоставените приватни врски, постојаните комуникации со Лидија се до нејзината смрт во најголем дел беа посветени на разговори поврзани со значењето на градителските дела од исламската уметност на ова тло и пошироко, при што споделувањето со нејзиното лично богато искуство како истражувач и активен учесник во заштитата на ова културно наследство ми беа од голема полза во одредени мои професионални ангажмани.

По краткото учителствување во основното училиште Гоце Делчев во Скопје (1954-1957) како професор по историја, кустос во Народниот музеј на град Скопје, денес – Музеј на Град Скопје (1957-1963), нејзиниот професионален пат е целосно посветен на заштитата на османлиските споменици, вработувајќи се во Заводот за заштита на споменициte на културата на општина Кале, подоцна - Завод за заштита на споменициte на културата на град Скопје ( 1963-1975), и накратко во Републичкиот завод за заштита на споменициte на културата – Скопје (1975-1976). Од 1976 година до нејзиното пензионирање (1990) таа беше целосно посветена на истражување, документирање и на конзерваторски проекти за Османлиските споменици на територијата на град Скопје во денешниот Конзерваторски центар –

Скопје, како кустос советник за средновековните исламски споменици. Таа долгогодишна работа беше крунисана со нејзиното капитално дело - публикацијата *Османлиски споменици во Скопје* (1998). Прошireното издание на оваа публикација (2014), преведено и на турски јазик за што доби Благодарница од турската држава (2018 г.) Книгата беше промовирана и пред домашната јавност во МАНУ (2018г.) како значаен придонес во истражувачката дејност на македонската култура и уметност.

Учествувала на скоро сите конгреси на југословенските историчари на уметност кои периодично се одржуваа во поранешната СФРЈ со трудови кои даваа светлина на одредени сегменти на градителското наследство од Османлискиот период во Скопје, една од метрополите на Румелиската област во времето на османлиското владеење и воедно една од најбогатите ризници на исламската цивилизација во урбаните простори на Балканот. Нејзини трудови се објавувани во некогаш престижните списанија во Р. Македонија од Археолошкиот музеј , Институтот за национална историја, Музејот на град Скопје, Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата и др.

Неслучајно нејзиниот најзначаен придонес во областа беше непосредно поврзан со возобновувањето на оштетените османлиски споменици за време на Скопскиот земјотрес (1963) кога како единствен специјалист во заштитната дејност во нашата држава во оваа област, заедно со колеги историчари и архитекти учествуваше во скоро сите проекти, со посебен акцент на оние кои се однесуваа на објектите во Старата скопска чаршија. Непостоеше скоро ниту една средба со најголемите донатори на возобновувањето на османлиските споменици на Скопје – турските фирми потпомогнати од самата турска драва, кога Лидија Кумбараџи Богоевиќ не беше повикувана и консултирана се до последните години од нејзиниот живот. Нејзиното перфектно познавање на турскиот јазик, имајќи предвид дека потекнува од едно од најугледните беговски семејства во Скопје, и даде додатна привилегија да ја пренесе суштината и значењето на традиционалниот исламски систем на живеење во нејзиниот професионален однос кон градителската оставина на тој вредносен систем.

Голема благодарност до Лидија за нејзиниот порив до последни дни да се навраќа на нашето културно наследство од една област која што е наша цивилизациска придобивка и мој личен пиетет кон нејзината постојана спремност за неговата афирмација и заштита.

*д-р. Јулија Тричковска,*
*историчар на уметност*

ПАТРИМОНИУМ.МК, година 15, број 20 / 2022
UDK 911.373:[728.1:39(497.723)
UDK 908(497.723)



Екатерина НАМИЧЕВА ТОДОРОВСКА, Петар НАМИЧЕВ

# ТРАДИЦИОНАЛНОТО ЖИВЕАЛИШТЕ ВО ЛЕСНОВО, ЗЛЕТОВО

**Клучни зборови**: *живеалиште, камен, населба, чардак*

**Апстракт:** *Населбата Лесново како дел од руралните населби со посебни локални карактеристики е во непосредна близина на Злетово. Традиционалниот начин на градење со локални услови на регионот содржи одредени карактеристики на живеалиштата, во однос на каменот како доминантен локален материјал, и моделот на просторна концепција со два основни типа на затворен и отворен со чардак. Непосредната близина на манастирскиот комплекст допринесува за значењето на населбата, со одредена рурална специфична структура и архитектонско естетски карактеристики на живеалиштата со одредени вредности како дел од градителското наследство на регионот.*

## Вовед

Селото Лесново се наоѓа во непосредна близина на населбите Злетово, Кратово и Пробиштип. Низ селото поминувал средновековниот пат од Злетово кон Кратово. Неговата локација е во рамките на кратерот на згаснат вулкан, каде населбата се распростира на сончевата падина на кратерот. Осамениот врв на вулканот наречен Илин создава специфична панорама на селото, во континуитет со околните благи возвишенија од вулканскиот прстен. Поставеноста на селото е во непосредна околина на манастирот, од десната страна на Злетовска река. На северната страна на селото е најголемата густина на куќите. Може да се констатира дека првичната локација на населбата низ вековите не била значително менувана, со исклучок на рамнинскиот дел од платото каде подоцна се населиле доделените родови. На западната страна на кратерот бил изграден манастир посветен на Архангел Михаил и пустиножителот Гаврил Лесновски, но не може со сигурност да се тврди дали прво бил подигнат манастирот па формирана населбата, или обратно. Поголемиот дел од куќите во населбата се со одлична инсолација и визури кон заравнетото плато.

Податоците за периодот во кој е создадено селото Лесново, се сретнуваат на неколку места, но сепак со сигурност не може да се определи точниот период. Според преданијата на денешното место на манастирот постоел постар манастир кој почнал да се урива. За изградбата на новиот манастир биле донесени неколку мајстори за изработка на клинци, кои се населиле околу манастирот заедно со своите семејства, за кои се верува дека го формирале селото. (Кратовско архиерејско намесништво).

Постоењето на селото се споменува и во житието на Гаврил Лесновски, за веќе оформена населба, околу манастирот во периодот на живеењето на светителот (11,12 век) (Иванов, 1906). Според повелбата на Деспот Оливер од 1341 год, се дознава дека селото лежи (близЂ цркве Лесново). Во 1347 г. цар Душан ја укинал Мороздвишката епископија и епископскиот центар го префрлил во Лесновскиот манастир, со што селото добива значајна улога. Како уште една потврда за датирањето на селото може да се земе и прегледот на словенските топоними од Злетовската област, кои до денес останале непроменети, меѓу кои се наоѓа и Лесново. Положбата на селото се влошува под османлиска власт. Според турските дефтери може да се согледа бројот на домаќинства во следните години: во 1550 имало 51 домаќинства, во 1570, 56 семејства, во 1895 имало 110 куќи, во 1898 имало 116 куќи. Во 1899 год од извештајот на учителот Хилјадинков, се вели дека постоеле куќи со вградени борови стебла од околната шума. Во 1900 год селото имало околу 800 жители, во 1948г. имало 467 жители, во 1961 имало 438, додека во 1971 имало 360 жители. Во периодот на крајот на 20 век во селото има 50 жители.

### Рурална поставка на локалитетот

Сознанијата кои произлегуваат од историските извори покажуваат дека селото Лесново не припаѓа на типот на селски населби, односно рурални средини кои што имаат јасни белези на планинско сточарски или на рамничарско-земјоделски населби. Ова село ги нема типичните карактеристики на двата основни типа, туку претставува модифицирана форма на овие два типа. Лесново е сало чие население се занимава со одреден тип на занаети. Токму затоа се добива впечаток на населба со елементи на полуградска формација на населба со сите позначајни карактеристики. Населението во долг временски период работи во рудниците или како занает - каменоресци во изработката на воденичарските камења. Поради познатите миграциски движења на селското население во 1970-1990 година, а особено со формирањето на урбанизираната населба Пробиштип, и зајакнувањето на населбата Злетово, населението од Лесново мигрира кон овие населби. Притоа останале повозрасните жители кои не се во состојба да ги одржуваат објектите. Во 1986 година околу 80 објекти се сочувани, од кои најголемиот дел се неодржувани.

Селото е од збиен тип на рурална средина, што е последица од специфичноста на конфигурацијата на теренот. Куќите се произволно поставени една над друга, особено на северната падина, со што се создава разиграност на просторната панорама на населбата. Притоа градителот успеал со голема умешност, со игра на масите при што не го пореметил природниот амбиент на околината, со посебен акцент на инсолацијата и зачувување на слободните визури од секоја куќа.

Населбата имала карактеристика на средна населба, која подоцна преминала во мала населба (Панов 1998)

### Улична мрежа

Како остатоци од средновековниот кратовски пат како единствена комуникација од руралната населба изведен е од неделкан камен. Останатата улична мрежа е слободно оформена од која поголем дел се движи врз масивна вулканска карпа, додека во рамниот дел на платото се формирани сокаци со земјена основа. Куќите во однос на уличната мрежа, како и во однос на изохипсите на теренот во оголема мерка се анархично поставени.

### Маала

Населбата се состои од десетина маала кои се формирани во зависност од големината на домородните и доселените родови. За староседелци во селото се сметаат родовите: Стамболијци-Клинчарци (149), Јовчевци (89), Тодосовци (99), Шарковци (49), Спасовци (29), Габерци (39). Доселеници се родовите: Герџовци (279), Кумарци (129), Поп Ангелови (79), Терзијци (49) и Радевци-Домазетци (39).

Според овие родови во селото се именувани и пооделни маала: Кршкачко маало, Шарковско, Топангеско, Спасиско, Дамарско, Ангелсковско, Камарско, Вучко, Терзиско, Слаковско, Герџоско. Староседелците биле населени на падината на Илин врв, со јужна ориентација, додека доселениците биле принудени да ги градат своите куќи, на рамниот терен околу Лесновска река или пак на северната падина, со што имале неповолна ориентација.

### Стопански двор

Стопанските дворови се најчесто на ридестиот дел од селото се збиени и мали, некаде и воопшто не егзистираат. Најчесто тие се всечени во падината и ги содржат основните стопански објекти: кокошарник, фурна, казаница, и понекаде амбар или работилница. Самите стопански дворови содржат зеленило, најчесто со перголи со винови лози или овошни дрва, кои создаваат свежина во пејзажот на кратерот, во контраст со оголениот гребен на Илин врв.

### Катност

Објектите најчесто се со приземје и кат, односно висок подрум и кат, додека само неколкумина се со подрум, приземје и кат, каде народниот градител со чувство за простор, ја искористил косината на теренот. Сосема приземни објекти речиси и нема, што укажува на веќе оформена концепција на просторот за живеење.

Застапеноста на огромни количини вулканска карпа го наметнала како основен градежен материјал од непосредната околина. Сите објекти се градени во проземјето со неделнак камен со врзно средство калов малтер, додека катот е изведен со бондручна конструкција. Сите објекти се со четвороводен кров, покриен со керамида. Каменото приземје е со мал број прозорски отвори, додека на катот се јавуваат и поголеми отвори и во поголем број.

### Основни типови на живеалишта

Во целокупната рурална агломерација се забележани неколку основни типови на функционални просторни концепции:

1. Со внатрешен претпростор или чардак во просторниот распоред

2. Без предпростор, со трем, како затворен просторен концепт на живеалиште.

Повеќето објекти содржат чардак кој може да биде поставен по целата должина на основата, кои се нарекувале, куќи - *чардаклии* или делумно во основата. Како интересна форма со елементи од градската куќа е примената на балконот. Тој се појавува најчето како збогатување на просторот на гостинската соба, од катот. Присутни се и орнаменти на фасадата на куќата или со едноставна декорација на дрвените столбови, каде градителите применувале одредени геометриски декорации, со внимателно зачувување на хармонијата на целокупниот изглед на куќата.

Најчесто катот и приземјето ги поврзуваат надворешни скали кои може да бидат масивни камени или дрвени. Рамките на прозорците се најчесто дрвени, неофарбани, најчесто со мали еднокрилни прозорски окна. Вратите се еднокрилни од штици, нефарбани. Кај повеќето објекти подот во просториите за живеење е од набој од земја, освен кај неколкумина со штици. Таваните се од трска со калов малтер, најчесто варосани.

### Заклучок

Одредени карактеристики на селската населба Лесново се формирала покрај манастирскиот комплекс, со што се создала руралната структура на неселбата со одредени архитектонско естетски спецификаи на живеалиштата.

Значењето на развојот на архитектурата на селската куќа, од просторен аспект се карактеризира со скромна поросторна концепција каде основните типови се поврзани со примената на чардакот во куќата, со што се формирале куќи со и без чардак. Во однос на катноста најчесто се користи косиот терен за градење на приземниот дел, и формирање на правилна подлога за катот. Значајна е примената на локалниот камен за градење на приземниот дел, со пшто се создава одредена специфична структура на фасадата, која произлегува од составот на кемените парчиња, со што е создадена и корориртна разновидност на фасадата.

Пртоа поврзаноста и непосредната близина со манастирот и црквата, се создале услови за долготраен процес на развој на живеалиштата, кои со своите специфики, се одликуваат како дел од градителското наследство на регионот и придонес кон создавање на модел со локални карактеристики, како дел од националниот тип на живеалишта.

### Литература


Архив на Македонија, *Кратовско архиерејско наместништво*.

А. Апостолов, *Злетовска област*, *Географско историски осврт*, Скопје, 1974

С. Габелиќ, *Манастир Лесново*, *Историја и сликарство*,Београд, 1998

И. Иванов, *Северна Македонија,* София, 1906

М. Панов, *Енциклопедија на селата во Република Македонија*, Лексокографија, Скопје, 1998




Сл.1. Карта со подлога на уличната мрежа: 1. Карпа, 2. Земја, 3. Неделкан кршен камен




Сл.2. Карта на поделба на руралната населба на маала




Сл.3. Карта на живеалишта според катност:
1. Куќа со приземје, 2. Со приземје и кат, 3. Со подрум, приземје и кат, 4. Срушена.




Сл.4. Карта со опис на типови на објекти:
1. Куќа, 2. Срушена, 3. Плевна, 4. Школо, 5. Продавница




Сл.5. Изглед на куќа од затворен тип со трем, Лесново.




Сл.6. Изглед на куќа во приземје со трем, Лесново.




Сл.7.Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.8. Изглед на куќа двојна симетрична куќа во две нивоа, с.Лесново.



Сл.9. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.



Сл.10. Изглед на куќа во приземје со трем, Лесново.




Сл.11.Изглед на куќа од затворен тип со трем, во две нивоа, Лесново.




Сл.12.Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.13.Изглед на куќа од затворен тип со балкон, во две нивоа, Лесново.




Сл.14.Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.15.Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.16. Изглед на куќа двојна симетрична куќа во две нивоа, с.Лесново.



Сл.17. Изглед на приземна куќа со вкопан подрум, с.Лесново.



Сл.18. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.



Сл.19. Изглед на куќа од затворен тип со балкон, во две нивоа, Лесново.



Сл.20. Изглед на куќа од затворен тип , во две нивоа, Лесново.




Сл.21. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.22. Изглед на куќа од затворен тип со балкон, во две нивоа, Лесново.




Сл.23. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.24. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.25. Изглед на куќа од затворен тип, во две нивоа, Лесново.




Сл.26. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.27. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.




Сл.28. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.



Сл.29. Изглед на куќа од затворен тип со балкон, во две нивоа, Лесново.



Сл.30. Изглед на куќа од затворен тип со балкон, во две нивоа, Лесново.




Сл.31. Изглед на куќа од затворен тип, во две нивоа, Лесново.




Сл.32. Изглед на куќа во две нивоа со чардак, Лесново.

Ekaterina NAMIČEVA TODOROVSKA, Petar NAMIČEV

## THE TRADITIONAL DWELINGS AT LESNOVO, ZLETOVO

*Summary*

Specific characteristics in the village settlement Lesnov that was formed next to the monastery complex, that was made as rural settlement with certain architectural aesthetics for the homes.

The meaning of the development of the architecture of the village home from aspect of space is very modest were the main types are connected with use of the balcony (čardak), also creating homes with and without a balcony. In reference to for the floors they used aslant terrain for building for the ground floor, making it a base for the floor. Important is the use of the local stones for the ground floor, creating a specific structure of the façade making it more vivid from different stones.

Furthermore, the connection with the monastery and church have created conditions for long process of the development for the settlement, that with their features are distinct for building a heritage in the region, and a contribution in creating a model with local features, as part of national types of dwellings.

# PATRIMONIUM.MK

УДК 7.025
930.85

ISSN 1857-5811



20/ 2022